Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 15-2831/1
19.07.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 15-2831/1
19.07.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| **Назив на министерство:** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **Назив на предлогот на закон:** | Предлог Закон за висока раководна служба |
| **Одговорно лице и контакт информации:** | **Есма Адиловиќ Фазлиќ**<br>**Асистент на министерот за реформа на администрација**<br>**Љупка Ивановски**<br>**Раководител на одделение за норматива** |
| **Вид на Извештај:** | **X Нацрт**<br><br>☐ **Предлог** |
| **Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:** | **X Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**<br><br>**X НПАА**<br><br>☐ **Заклучок на Владата на Република Северна Македонија**<br><br>**X Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година** |
| **Поврзаност со Директивите на ЕУ:** | / |
| **Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации:** | ☐ **Да**<br><br>**X Не** |
| **Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:** | |
| **Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација:** | / |
| **Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација:** | / |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| **Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат** | септември 2023 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Деполитизацијата и професионализацијата на администрацијата се главните цели на процесот на реформа на јавната администрација во Република Северна Македонија.

Во законодавството во Република Северна Македонија не постои јасно разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво, односно не е јасно дефиниран и утврден опфатот за висока раководна служба (ВРС).

Со Законот за административни службеници е направен првиот исчекор кон професионализација на извршните раководители во административната служба. Имено, во највисоката категорија „А“ на административни службеници, се вклучени секретарите (државни, генерални секретари и секретари на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје). Општите и посебните услови кои треба да ги исполнуваат секретарите се уредени со ЗАС, додека општите и посебните услови за директорите на органите на државната управа кои имаат статус на функционери се уредени во посебни закони.

Во законодавството на Република Северна Македонија не постои единствен закон во кој се уредни правилата за висока раководна служба.

Општите услови за именување и разрешување на лицата сега се регулирани со посебни материјални закони за конкретни области од јавниот сектор. Овие закони содржат недоволна регулација ( најчесто само одредби за објавување на јавен оглас и општи услови), а не и одредби за критериумите, постапката за селекција и избор на кандидатите за раководни позиции.

Евидентно е дека не постојат јасни правила за именување и разрешување на директорите и за секретарите, ниту пак отворен натпревар за најголемиот број на овие позиции со што се нарушува принципот на заслуги.

Согласно утврденото во Приоритетната област 2. Јавна служба и управување со човечки ресурси од Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), една од мерките за остварување на Посебната цел Професионална јавна администрација (развој на професија - административен службеник), е Професионализација на високите раководни позиции во јавната администрација преку донесување на Закон за висока раководна служба .

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Претходно наведената состојба во областа е резултат на следните причини:

- непостоење на јасно разграничување на политичкото од професионалното ниво;

- неможност за утврдување на линиите на отчетност;
- неможност за дефинирање и утврдување на раководната одговорност во институциите;
- непостоење на јасни правила и критериуми за именување и разрешување на директорите и на секретарите; и
- немање отворен натпревар за најголемиот број на овие позиции со што се нарушува принципот на заслуги.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основна цел од воспоставување на Висока Раководна Служба (ВРС) е разграничување на политичкото од професионалното ниво, утврдување на линиите на отчетност на високите раководители, што ќе доведе до унапредување на јавните услуги и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрација.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Недонесување на ново законско решение значи нејасни критериуми за назначување и избор на висок раководител, непостоење на мерит процедура за избор, нејасни одговорности за работата на високиот раководител и непостоење на јасно разграничување на политичкото од професионалното ниво.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Опција 1- донесување на нов предлог на закон

Високата раководна служба ги опфаќа високите раководни позиции (директори и секретари) со јасни раководни одговорности. Нема да се однесува на највисоките политички функции (министри, заменици министри).

Со предлог Законот за висока раководна служба се воспоставува Комисија за ВРС, составена од одреден број членови, со признаени професионални заслуги, кредибилитет и личен интегритет.

Високите раководители ќе се вработуваат преку систем на заслуги и процедури на јавен оглас, во отворен натпревар достапен за сите граѓани на Република Северна Македонија со високо образование.

Секој висок раководител ќе се избира преку индивидуализирана процедура. Иницијативата за пополнување на позиција ВРС ќе ја има министерот, односно органот на власта кој е надлежен за управувањето и мониторирањето со услугата или телото во кое е предвидено

раководното место. Иницијаторот ќе го даде описот на одговорностите и должностите на таа позиција.

Значајно е да се наведе дека по завршената процедура за избор, Комисијата подготвува листа со тројца најуспешни кандидати. Листата се доставува до иницијаторот и истиот спроведува интервју со секој од кандидатите, по што има дискреционо право на избор со одлука во рок од 15 дена. Кандидатот за една од позициите на високата раководна служба ќе биде назначуван од претпоставениот функционер.

Со новиот закон ќе се дефинира мандатот и разрешувањето пред истекот на мандатот на високите раководители.

Стручните квалификации и обуката се клучни во овозможувањето на високата раководна служба да ги прошири своите професионални вештини и да го унапреди јавното раководење, како начин на инвестирање во јавната административна иднина на Република Северна Македонија. Постојаното напредување во полето на раководни техники на компетенции во раководењето и развој за високите раководители ќе биде обезбедено преку систем за професионална обука. Ова ќе важи и за членовите на Комисијата за ВРС.

Високите раководители ќе бидат оценувани за нивниот учинок, односно за осврнување на целите и резултатите на институцијата. Со воведувањето на системот на оценување на учинокот, ќе се зголеми ефикасноста, квалитетот, ефективноста, а со тоа и одговорноста на овие служби, за разлика од моменталната состојба каде сите овие индикатори отсуствуваат.

Високите раководители за својата работа која ќе ја извршуваат професионално и со полно работно време треба да добијат соодветен надомест - плата. Би можело да се земе во предвид системот на плати и надоместоци на постоечките раководни позиции како почетна точка. На долгорочен план, создавањето на високата раководна служба би можело да ја олесни хармонизацијата на платите за раководители, употребувајќи го пристапот со процент или целосна рационализација на платите со користење на техники на евалуација на работната позиција. Во практика, за да се олесни имплементацијата, најдобриот краткорочен пристап (освен во оправдани случаи) ќе биде да се сочуваат моменталните плати на постоечките позиции.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

**Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:**

### 4.1 Економски влијанија

Нема

### 4.2 Фискални влијанија

1. **Опцијата „не прави ништо“ нема да предизвика нови фискални влијанија.**

2. Опција 1- Предлог законот има фискални влијанија кои ги опфаќаат трошоците за спроведување и почитување на регулативата: плата на членовите на Комисијата за ВРС и награда за практичарите.

### 4.3 Социјални влијанија

Нема

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Нема

### 4.5 Административни влијанија и трошоци

**а) трошоци за спроведување**

Плата на членовите на Комисијата за ВРС и награда за практичарите.

**б) трошоци за почитување на регулативата**

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

1. Спроведување на постоечкото законско решение (опција „не прави ништо“)

   **Позитивни влијанија- нема**

   **Негативни влијанија- невоедначена постапка за назначување и избор на висок раководител, невоспоставена мерит постапка за избор, без јасни линии на одговорност на високиот раководител**

2. Опција 1- донесување на нов предлог на закон

   Позитивни влијанија: утврдување на јасни критериуми за назначување и избор на висок раководител, воспоставување на мерит процедура за избор, јасни линии на одговорност на високиот раководител и јасно разграничување на политичкото од професионалното ниво.

Негативни влијанија: нема

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Опција „не прави ништо"- недостаток на јасни правила за именување и разрешување на висок раководител и без јасни линии на одговорност на високиот раководител

Опција 1- донесување на нов предлог на закон
Одолговлекување на процедурата за избор на членови на Комисијата за висока раководна служба.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Се препорачува донесување на Закон за висока раководна служба. Со новиот Закон за висока раководна служба ќе се воспостави воедначена процедура за назначување на раководна позиција, професионализација на раководните позиции - издвоена од политичкото управување, со политичка одговорност. Високата раководна служба ќе има специфичен правен статус, одвоен и различен од Законот за административни службеници. Новиот закон ќе ги замени одредбите од посебните закони, во кои законодавецот само делумно ја уредил процедурата и условите за назначување на раководни функции.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Потребно е да се променат материјалните закони со кои се уредуваат високите раководни места, во рок од 6 месеци по донесување на законот, како што е наведено во преодни и завршни одредби.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Со законот се предвидува донесување на повеќе подзаконски акти и тоа:

- Подзаконски акт за начинот на избор на членовите на Комисијата за ВРС го пропишува Министерот за информатичко општество и администрација
- Подзаконски акт за начинот на разрешување на член на Комисијата за ВРС го пропишува министерот за информатичко општество и администрација
- Подзаконски акт за воспоставување на регистар на практичари
- Подзаконски акт за рамката на компетенции за високите раководни места и формата и содржината на образецот за описот на работното место заснован на компетенции
- Подзаконски акт за формата и содржината на барањето за објавување на јавниот оглас, формата и содржината на јавниот оглас, начинот на поднесување на пријавата, начинот

на избор на кандидати и бодувањето во различни фази на селекција, како и други прашања поврзани со спроведувањето на постапката за пополнување на високите раководни места.

- Етички кодекс за висока раководна служба
- Подзаконски акт за начинот на спроведување на постапката за оценување, како и формата и содржината на образецот за оценување на високите раководители
- Програма за обука за високите раководители и
- Каталог на задолжителни генерички обуки и специјализирани обуки.

Истите ќе бидат донесени во рок од 3 месеци по формирање на Комисија за ВРС.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

- Владата на Република Северна Македонија, преку предлагање на измени на материјалните закони со кои се регулирани високите раководни места;
- Министерство за информатичко општество и администрација, преку донесување на дел од подзаконските акти;
- Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Ќе се подготви Прирачник за ефикасно спроведување на процедурата за избор на висок раководител и ке се спроведат обуки на членовите на Комисијата за ВРС.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Комисијата за ВРС ќе ја следи имплементацијата на овој закон од страна на институциите во кои треба да се назначат високите раководители и ќе подготвува Годишен извештај за работа.

Државниот управен инспекторат ќе врши инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуација на ефектите ќе се изврши по истекот на 12 месеци од почнувањето на примената на овој закон врз основа на следните индикатори:

- промена на политички именувани и избрани раководни лица со високи раководители избрани преку мерит процедура за 20% во првата година од отпочнување на примена на законот.

Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

**Изјава од министерот**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:____________**

..........................................

**потпис на министерот**